**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**

**АГЕНЦИЈА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ**

**AGJENCIA PËR REZERVAT E MALLRAVE**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ ЗА 2021 ГОДИНА

PLANI VJETOR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT NË AGJENCIONIN E REZERVAVE TË MALLRAVE PËR VITIN 2021

Скопје, 2021 година
Shkup , viti 2021

| | |
|---|---|
| **1. Вовед** | **1. Hyrje** |
| Успешноста во справувањето со корупцијата е од круцијално значење за Агенцијата за стоковни резерви, поради што бескомпромисната и неселективна борба против овој вид на криминал е апсолутен приоритет на нашата институција. Агенцијата за стоковни резерви во целокупниот процес на нејзиното работење ќе преземе низа активности кои ќе придонесат за јакнење на системите за превенција од корупција. Преку преземање на активностите, Агенцијата има за цел да изгради силен институционален интегритет и преку спроведување на воспоставен систем на политики, стандарди и механизми ќе ја сведе на минимум можноста за коруптивно однесување на вработените. | Suksesi në luftimin e korrupsionit është thelbësor për Agjencinë e Rezervave të Mallrave prandaj lufta pa kompromis dhe jo- slektive kundër këtij lloji të krimit është një përparësi apsolute e institucionit tonë. Agjencia e Rezervave të Mallrave në gjithë procesin e funksionimit të saj do të ndërmerr një sërë aktivitetesh që do të kontribuojnë në forcimin e sistemeve për parandalimin e korrupsionit. Duke ndërmarrë aktivitetet, Agjencia synon të ndërtojë integritet të fortë institucional dhe duke zbatuar një sistem të vendosur të politikave, standardeve dhe mekanizmave do të minomizojë mundësinë e sjelljes korruptive të punonjësve. |
| Агенцијата за стоковни резерви тргнува од определбата за успешно спречување на корупцијата и последиците кои произлегуваат од неа, а кои влијаат на разградувањето на општествениот систем и основните општествени вредности, ја урива демократијата и го попречуваат владеењето на правото преку злоупотреба на институционалните капацитети во корист на остварување на нелегални цели и интереси. | Agjencia e Rezervave të Mallrave është e angazhuar për të parandaluar me sukses korrupsionin dhe pasojat e tij, të cilat ndikojnë në shpërbërjen e sistemit shoqëror dhe vlerave themelore shoqërore, minojnë demokracinë dhe pengojnë studimin e ligjit duke abuzuar me kapacitetin institucional në të mirë të aritjeve, të qëllimeve dhe të interesave të paligjëshme. |
| Раководството и сите вработени во Агенцијата се должни постојано да се однесуваат етички и во процесот на извршување на нивните работни задачи должни се совесно, одговорно, стручно и непристрасно да ги почитуваат и спроведуваат законските прописи, подзаконски акти и интерните документи на Агенцијата. | Udhëheqësia dhe të gjithë punonjësitë e Agjencisë janë të detyruar të sillen vazhdimisht në menyrë etike dhe gjatë procesit të kryerjes së detyrave të tyre janë të detyruar të respektojnë dhe të zbatojnë me ndërgjegje, përgjegjësi, profesionalisht dhe pa anësi rregulloret ligjore, aktet nënligjore dhe dokumentet e brendshme të Agjencisë. |
| Сите вработените се подеднакво посветени преку промовирање на културата на спречување на корупцијата и судирот на интереси да се олесни откривањето на случаите на корупција и обезбеди навремено и правилно | Të gjithë punonjësit janë të përkushtuar në mënyrë të barabartë duke promovuar një kulturë anti-korrupsion dhe konflikt interesi për të lehtësuar zbulimin e rasteve të korrupsionit dhe për të siguruar zgjidhjen në kohë dhe në menyrën e duhur të rasteve të |

| | |
|---|---|
| решавање на таквите случаи.<br><br>**2. Цел**<br><br>Основна цел на донесувањето на овој Годишен план е зајакнување на интегритетот и борбата против корупцијата, како и јакнење на системите на превенција и репресија од корупцијата и судирот на интереси, дефинирање на правците на јакнење на капацитетите и независноста на институцијата во спроведување на законските овластувања преку развој на концептот на интегритет.<br>Под поимот интегритет се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работите со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која работат како одговорно лице на институцијата и како лица вработени во неа.<br><br>Под корупција во Агенцијата за стоковни резерви се подразбира:<br>- злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба со цел да се оствари корист директно или преку посредник за себе или некој друг;<br>- активна корупција е намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник ветува или дава корист од било каков вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски;<br>- пасивна корупција е намерно делување на службеното лице, кое директно или преку посредник бара или прима корист од било каков вид за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или | tilla .<br><br>**1. Qëllimi**<br><br>Qëllimi kryesor i miratimit të këtij Plani Vjetor është forcimi i intergritetit dhe lufta kundër korrupsionit, si dhe forcimi i sistemeve të parandalimeve dhe shtypjes së korrupsionit dhe konflikteve të interesave, duke përcaktuar drejtimet e ndërtimit të kapaciteteve dhe pavarësisë së institucionit në zbatimin e kompetencave ligjore përmes zhvillimit të konceptit të integritetit.<br>Termi integritet nënkupton kryerjen e ligjëshme, të pavarur, të paanshme, etike, të përgjegjëshme dhe transparente të aktiviteteve me të cilat zyrtarët ruajnë reputacionin e institucionit në të cilin ata punojnë si një person i përgjegjëshëm i institucionit dhe si punonjës në të.<br><br>Korrupsioni në Agjencinë e Rezervave të Mallrave nënkupton:<br>- Keqpërdorimi i detyrës, autoritetit publik, detyrës zyrtare ose pozitës në mënyrë që të merrni një përfitim direkt ose përmes një ndërmjetësi për veten ose dikë tjetër;<br>- Korrupsioni aktiv është i qëllimshëm i çdo personi i cili drejtpërdrejt ose përmes një ndërmjetësi premton ose fiton nga çdo lloj personi zyrtar, për të ose për një pale të tretë, në mënyrë që të veprojë ose të përmbahet nga veprimi ne përputhje me detyrimet e tij, ose të kryejë kompetecat e tij në kundërshtim me detyrat e tij zyrtare;<br>- Korrupsioni pasiv është veprimi i qëllimshëm të një zyrtari, i cili drejtpërdrejt ose përmes një ndërmjetësuesi kërkon ose merr përfitime të çdo lloji për vete ose një pale të tretë, ose pranon një premtim të një përfitimi të tillë, në mënyrë që të veprojë ose të përmbahet nga veprimi në përputhje me detyrat e tij |

| | |
|---|---|
| да ги врши своите надлежности спротивно на службените обврски; | ose të kryejë detyrat e tij në kundërshtim me detryrat e tij zyrtare; |
| Корист претставува остварување на секој вид материјална или нематеријална придобивка, погодност или предност за себе или за друг. | Një përfitim është realizimi i çdo lloj përfitimi të prekshëm ose jo material komoditet ose avantazh për veten ose për tjetrin. |
| Судир на интереси подразбира состојба во која службеното лице има свој приватен интерес што влијае или би можело да влијае врз непристрасно вршење на неговите јавни овластувања и службени должности. | Konflikt interesi nënkupton një situate në të cilën zyrtari ka interesin e tij privat që ndikon ose mund të ndikojë në kryerjen e paanshme të kompetencave te tij publike dhe detyrave zyrtare. |
| Агенцијата за стоковни резерви е посветена на одржување на високи правни, етички и морални стандарди, почитување на принципите на интегритет, објективност и непристрасност и со својот начин на работа се бори против корупцијата и судирот на интереси. | Agjencia e Rezervave të Mallrave është e angazhuar për ruajtjen e standardeve të larta ligjore, etike dhe morale, duke respektuar parimet e integritetit, objektivitetit dhe paanësisë dhe duke luftuar korrupsionin dhe konfliktet e intereset në mënyrën e saj të punës. |
| **3.Активности** | **3.Aktivitetet** |
| Заради реализацијата на горенаведените цели, Агенцијата за стоковни резерви ќе ги преземе следните активности: | Për të arritur qëllimet e mësipërme, Agjencia e Rezervave të Mallrave do të ndërmerr aktivitetet e mëposhtme: |
| 1. Ќе изготви Упатство за управување со ризикот од корупција и судир на интереси кои имаат негативно влијание на управувањето со финансиите, имотот и угледот на Агенцијата.<br>2. Ќе назначи овластено лице за прием на пријави доставени од укажувачи, согласно Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/15, 35/18 и 257/20).<br>3. Ќе изготви Упатство за начинот на пријавување сомнежи за корупција и судир на интереси во рамките на Агенцијата за стоковни резерви, согласно кое ваквите случаи ќе бидат пријавувани до лицето за | 1. Do të përgatit Udhëzim për menaxhimin e rrezikut të korrupsionit dhe konfliktit të interesit që kanë një ndikim negativ në menaxhimin e financave, pronës dhe reputacionit të Agjencisë.<br>2. Do të caktojë një person të autorizuar për të marrë raporte të paraqitura nga sinjalizuesit, në përputhje me Ligjin për Mbrojtjen e Sinjalizuesve („Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë„ nr. 196/15, 35/18 dhe 257/20).<br>3. Dë të përgatisë Udhëzim se si të raportohen dyshimet për korrupsion dhe konflikt interesi brenda Agjencisë për Rezervat e Mallrave, sipas të cilave raste të tilla do t'i raportohen personit që raporton paregullësi në përputhje me Ligjin |

| | |
|---|---|
| пријавување на неправилности согласно Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/15, 35/18 и 257/20), Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор и Правилникот за заштитено надворешно пријавување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/16), а лицата кои ќе пријават сомнежи за корупција и судир на интереси ќе бидат заштитени од одмазда. | për Mbrojtjen e Sinjalizuesve (Gazeta zyrtare e Republiësa së Maqedonisë nr. 196/15, 35/18 dhe 257/20), Rregullorja për raportin e brendshëm të mbrojtur në institucionet në sektorin publik dhe Regulloren për raportimin e jashtëm të mbrojtur (Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 46/16), dhe personat që do të raportojnë dyshimet për korrupsionin dhe konflikt inters do të mbrohen nga hakmarrja. |
| 4. Ќе изврши дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Агенцијата согласно кој раководителите на организационите единици ќе бидат одговорни за секојдневно управување со ризикот од корупција и судир на интереси. | 4. Do të bëjë plotësim në Rregulloren për organizimin dhe sistematizimin e vendeve të punës në Agjenci, sipas së cilës drejtuesit e njësive organizative do të jenë përgjegjës për menaxhimin e përditshëm të rrezikut të korrupsionit dhe konfliktit të interesave. |
| 5. Ќе воспостави пропорционални мерки за спречување на корупцијата и судирот на интереси врз основа на детална проценка на ризикот, заради што на вработените ќе се обезбеди обука за начинот на спречување на корупцијата и судирот на интерес. | 5. Do të vendosë masa proporcionale për të parandaluar korrupsionin dhe konfliktin e interesit bazuar në një vlerësim të hollësishëm të rrezikut, duke siguruar stafin me trajnim se si të parandaloni korrupsionin dhe konfliktin e interesit. |
| 6. Веднаш ќе ги разгледува сите случаи за сомневање за корупцијата и судирот на интереси или вистински настаната корупцијата и судирот на интереси со цел подобрување на системот на внатрешна контрола. | 6. Menjëherë dë t'i shqyrtojë të gjitha rastet e dyshimit të korrupsionit dhe konfliktit të interesit ose të korrupsionit aktual dhe konfliktit të interesit në mënyrë që të përmirësohet sistemi i kontrollit të brendshëm. |
| 7. Ќе спроведува политика на нулта толеранција за корупцијата и судирот на интереси и ќе воспостави јак систем за контрола во спречувањето и откривањето на корупцијата и судирот на интереси, до најголем можен степен, како и за намалување на | 7. Do të zbatojë një politikë të tolerances zero për korrupsionin dhe konfliktin e interesit dhe do të vendos një sistem të fortë kontrolli në parandalimin dhe zbulimin e korrupsionit dhe konfliktit të interesit, në masën më të madhe të mundëshme, si dhe për të zvogëluar efektin e tyre, nëqoftë se ndodhin. |

| | |
|---|---|
| нивниот ефект, доколку се случат.<br><br>8. Во декември 2021 година ќе се подготви Годишен план за спречување на корупцијата за 2022 година, кој ќе содржи и извештај за реализацијата на активностите од годишниот план за 2021 година. | 8. Në dhjetor të vitit 2021, do të përgatitet Plani Vjetor për Parandalimin e Korrupsionit për vitin 2022, i cili do të përmbajë gjithashtu një raport mbi zbatimin e aktiviteteve nga plani vjetor për vitin 2021. |

Број/Numër 01-524/1

Дата/Data 13.07.2021

Скопје/Shkup

Агенцијата за стоковни резерви

Agjencia për Rezervat e Mallrave

Директор / Drejtor

Реси Абдурахмани/Resi Abdurahmani